# во вашата Книга има еден ајет што го рецитирате. Тој да ни беше објавен нам, на евреите, ние тој ден ќе го земевме како празник.“

Омер бин ел-Хатаб, Аллах нека е задоволен со него, раскажува дека некој човек од евреите му рече: „О, владателу на верниците, во вашата Книга има еден ајет што го рецитирате. Тој да ни беше објавен нам, на евреите, ние тој ден ќе го земевме како празник.“ Омер праша: „Кој ајет?“ Тој одговори: „Денес верата ваша ви ја усовршив и благодатта Своја спрема вас ја надополнив и задоволен Сум исламот да ви биде вера.“ (Ел-Маиде, 3) Омер рече: „Ние добро го знаеме тој ден и местото каде што беше објавен на Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем. Тоа беше на Арафат, во петочен ден.“

[صحيح] [متفق عليه]

Еден човек од евреите дошол кај владателот на верниците, Омер, Аллах нека е задоволен со него, и му рекол: „Во вашата Книга – Куранот – има еден ајет што го рецитирате. Доколку тој ни беше објавен нам, на евреите, во нашиот Теврат, ние тој ден ќе го земевме како празник и ќе го одбележувавме во знак на благодарност за големата благодат со објавата на тој ајет.“ Омер, Аллах нека е задоволен со него, го прашал: „Кој ајет?“ Тој одговорил: „Денес верата ваша ви ја усовршив и благодатта Своја спрема вас ја надополнив и задоволен Сум исламот да ви биде вера.“ (Ел-Маиде, 3) Омер, Аллах нека е задоволен со него, рекол: „Ние добро го знаеме тој ден и местото каде што беше објавен овој благороден ајет. Тој беше објавен на празничен ден – петок – на Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, додека стоеше на Арафат. А тоа се два величествени дена за муслиманите.“



النجاة الخيرية
ALNAJAT CHARITY
لجنة الدعوة الإلكترونية
EDC E-Da'wah Committee